# BELTON

## ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ПРОИЗВОД

Belton

## ОПИС

Belton е тенкослојна лазура за дрво. Наменета е за заштита на дрво од временски влијанија и облагодорување на дрвени површини со декоративна доработка.

## СОСТАВ

Органски раствори без мириз, алкидни смоли, пигменти отпорни на вода и светлина и адитиви.

## СВОЈСТВА

Belton е тенкослојна лазура за дрво што ја нагласува структурата на дрвото што и дава матов завршен изглед. Премазот не се лупи и може лесно да се освежи.

## НАНЕСУВАЊЕ

Употребувајте ја за заштита на површината на сите видови дрво во затворен простор и на отворено. Препорачлива е за заштита на дрвени елементи за кои не е потребна висока стурктурна стабилност, како што се огради, градинарски куќички, ламперија, итн. Овој тенкослоен премаз овозможува подобра



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

пареопропустливост и подобрена толеранција на природно проширување на дрвото.

## НИЈАНСИ

Belton се произведува во стандардни нијанси на бои според легендата на бои. Легендата на бои е направена со избрано борово дрво со висококвалитетна доработка. Бидејќи лазурите се прозирни премази, конечниот изглед на нијансата е во голема мера зависен од следните фактори:

- Видот на бојата од природното дрво,
- Квалитетот на доработка (на брусењето),
- Густината на премазот,
- (не-) употреба на импрегнација и нејзината обоеност.

Пради тоа, секогаш препорачуваме нанесување на прелиминарен тест-премаз на мал дел од дрвото.

При премачкување на дрво без претходна импрегнација, нијансата е посилна. Ако е употребено средство за импргнација, крајниот изглед на избраната нијанса може значително да се разликува.

Ако основните нијанси се измешаат со безбоен Belton, интензитетот на нијансата ќе се намали. Мешање со темен Belton ја затемнува нијансата. Но, мора многу да се внимава бидејќи и најмалата количина има голем ефект. Со додавање на бел Belton избраниот тон на боја добива пастелна нијанса. Секогаш тестирајте ги измешаните бои на мала даска која ќе добие еднаков краен резултат како дрвото што треба да се премачкува.

## ПОДГОТОВКА НА ОСНОВАТА

За првото заштитно премачкување, дрвото мора да биде суво, чисто и добро избрусено и заштитено однадвор со Belles. При обновување на стари лазури за



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

дрво, нежно избрусете ја површината за да ги отстраните лабавите честички од старата лазура (со хартија за бусење со големина на честички од 180-220). При обновување на стари крајни премази (маслени бои, политура), истите мора прво да се отстранат и потоа да се постапува како со ново дрво.

## ДРВО НА ОТВОРЕН ПРОСТОР

Прво заштитете го дрвото на отворен простор со Belles, што овозможува превентивна заштита а дрвото од мувла, гниење и инсекти.

Потоа нанесете Belton во пропишаната количина. По правило, може да нанесете три слоеви. Добро е да го заштитите дрвото од сите страни, и дрвените облоги со барем еден слој на задниот дел. Во одредени услови дрвото може премногу да се навлажни (од вода што протекува на задниот дел после силен дожд).

Безбојниот Belton не е соодветен за надворешна употреба бидејќи не го заштитутва дрвото од UV зрачење. За таа цел, употребувајте безбоен Beltop UV Plus.

## ДРВО ВО ЗАТВОРЕН ПРОСТОР

При премачкување на дрво во влажни простории, прво импрегнирајте на сите страни со Belles, а потоа премачкајте со Belton. На задната страна од плочата нанесете барем еден слој Belton.

Ако дрвениот елемент не е изложен на влажност, нанесете Belton директно на дрвото. Бидејќи на дрвото во затворен простор му е потребна примарна декоративна заштита, густината на заштитниот слој е помалку важна. По правило се нанесуваат 2 слоја Belton. Откако ќе се исуши првиот слој, внимателно избрусете ја површината и осигурајте се дека нема прашина. Бројот на слоеви не е толку важен во затворен простор каде слоевите се нанесуваат за декоративна заштита на дрвото.



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

## НАЧИН НА НАНЕСУВАЊЕ

Пред нанесување, добро измешајте ја лазурата Belton и нанесете ја лазурата неразредена со четка или натопување (потопување).

## СУШЕЊЕ

Премазот е сув во рок од 8–12 часа во нормални услови (20 °C, 65 %, релативна влажност на воздухот). Премачкајте повторно по 12–24 часа или откако претходниот слој е целосно исушен. Оптималната температура за премачкување е помеѓу 15–25 °C, но на пониска температура периодот на сушење се зголемува. Во секој случај, условот е дрвото да биде суво пред нанесување на слојот.

Перидот на сушење е подолг и на повисока релативна влажност на воздухот.

## ПОКРИВНА МОЌ

Покривната моќ во голема мера зависи од типот и квалитетот на дрвото, начинот и квалитетот на дорабoтката, употребата на импрегнација, како и од начинот на нанесување.

По правило, покривната моќ е најголема со првиот слој. Во зависност од видот на дрвото, потрошувачката е најголема кај високо-апсорбирачки видови (на пр. сапановина од борово дрво) и најмала кај не-апсорбирачки листопадни дрва (на пр. дабоводрво).

Помалку премаз останува на мазно доработени површини од истиот вид на дрво, што е и причина за помала потрошувачка. Најмазна е површината доработена со квалитетно израмнување или брусење. Помалку мазна површина е лошо израмнета, а најмалку мазно е дрво исечено со пила.



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

Потрошувачката за следниот слој или покривната моќ е помала или значително намалена во зависност од видот и квалитетот на дрвото и од претходниот слој. со 1 л Belton се премачкува:

- во еден (прв) слој приближно 14 $m^2$ (сапановина од борово дрво, обнова на старо, испукано дрво), приближно 20 $m^2$ (мазно борово дрво), до 30 $m^2$ (многу мазно борово дрво, даб, дрво за втор слој),
- во два слоја приближно 8 $m^2$ (сапановина од борово дрво, лошо доработена површина) до 16 $m^2$ (мазна површина),
- во три слоеви приближно 6 $m^2$ (груба површина) до 12 $m^2$ (мазна површина).

## ЧИСТЕЊЕ НА ПРИБОРОТ

По употребата, исчистете го приборот и додатоците со Belsol. Исто така, може да ги исчистите со бел шпиритус или други раствори за синтетички бои.

## ОДРЖУВАЊЕ НА ПРЕМАЗОТ

Обновете го стариот Belton слој нанесен на ново дрво изложенона временски влијанија по една година со уште еден Belton слој, така што ќе ги поправите сите физички оштетувања на премазот, оштетувањето што доаѓа од самото дрво (пукнатини) и микро-пукнатини во премазот.

Потоа премазот треба да се проверува секоја година и секое оштетување треба да се поправа локално. Ако премазот е премногу оштетен, обновете го целосно. Распаѓањето на премазот е видливо од неговиот надворешен изглед и со извршување на тестот за апсорпција на вода. Нанесете неколку капки вода на површината. Ако водата се апсорбира брзо низ премазот во дрвото и се создава водена дамка, време е да го обновите премазот.



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

Прво измијте ја површината со вода во која има додадено детергент. Откако ќе се исуши, нежно ќе ја избрусете површината со хартија за брусење со големина на честички од 180 - 220 и избришете прашината. Бројот на потребни слоеви при обновувањето зависи од состојбата на површината.

При навремено обновување, премачкајте ја површината со еден или два слоја Belton. Ако премазот е многу распаднат и веќе е вдлабнат во дрвото, површината мора да се избруси длабоко додека се добие здраво и цврсто дрво, и потоа да се премачка како по првпат со заштитен премаз за дрво.

Ако дрвото е нападнато од штетници, отстранете ги штетниците пред да премачкате со Belton.

За секој нов слој или повторо премачкување, површината станува потемна. Ако сакате да го намалите потемнувањето, потоа употребете светла нијанса од Belton за да го освежите премазот или да подготвите мешавина од обоен и безбоен Belton. Мешавината не смее да содржи повеќе од 30 % безбоен Belton. Обично, одржувањето на дрвото во внатрешни простори е помалку потребно. Прво измијте ја површината со вода во која има додадено детергент. Откако ќе се исуши, нежно ќе ја избрусете површината со хартија за брусење со големина на честички од 180 - 220 и избришете прашината. Потоа нанесете 1 слој Belton на подготвената површина.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Belton е алкиден премаз. Карактеристично за алкидните премази е да пожолтат на темница (ламперија на темни места, страници на дрвени елементи и елементи до ѕидови, вовлечени рамки од врати што се прикриени кога вратата е затворена, итн.). Ова е најзабележително кај белите нијанси. Пожолтувањето може да предизвика и промена на нијансата (на пр. сина во зелена).

За да ги заштитите дрвените елементи, Ви препорачуваме употреба на Interier акрилни премази врз база на вода кои не пожолтуваат. На отворен простор, не



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

се јавува таков проблем бидејќи површините премачкани со Belton се доволно изложени на светлина.

Ви советуваме да не мешате премази од различни производствени марки.

Додека работите, следете ги препораките за употреба на овој производ. Дрвото е природен материјал што се шири и собира. Премазите што се премногу густи не можат да го следат проширувањето и собирањето на дрвото, па затоа доаѓа до пукнатини, па дури и лупење на премазот. Премазите што се премногу тенки мора да се обновуваат многу често.

## СКАЛДИРАЊЕ И РАКУВАЊЕ

Складирајте ја Belton во цврсто затворената оригинално пакување во затворен простор на температура од 5–30 °C. Чувајте ја подалеку од дофат на деца и животни и подалеку од храна. Претурете го неупотребуваното средство од големото пакување во помали пакувања, наполнете ги до врв, запечатете ги и означете ги состојките.

## РОК НА ТРАЕЊЕ

Во неговото оригинално пакување, производот треба да се употребува според датумот даден на пакувањето.

Овој производ може да се употребува по истекувањето на рокот на траење ако нема знаци на коагулација (по протресување и мешање, мора да биде еднороден и течен).

## ОКОЛИНА

Не истурајте премази во ододниот систем, во површни водни површини или било каде во околината. Искористете ја целата количина на производот. Исфрлете го



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com

пакувањето или неискористениот производ како посебен отпад. За центрите за собирање прашајте ги овластените лица во вашата држава.

## ПРАВИЛА

Во однос на правилата за безбедна работа со производот, безбедност на работа и при транспорт, прочитајте ги безбедносните информации на ознаката од производот.

## ДРУГИ ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

Повеќе имформации може да пронајдете кај нашите дистирбутери или на нашата веб страна: www.belinka.com.·

. Целта на овие технички податоци е да ги опишат можностите на овој производ и неговите технички карактеристики. Иако советот се заснова на долгорочно искуство, истиот не го ослободува корисникот од обврската да се осигура дека производот е погоден за употреба во нивниот специфичен случај. Поради бројните можни ефекти врз својствата на производот, вклучувајќи го видот и квалитетот на дрвото, начинот и условите на примена, искуството на корисникот и условите на употреба, не можеме да преземеме никаква одговорност за материјална штета направена при употреба на истиот. Ако имате прашања, Ве молиме контактирајте ја нашата служба за помош.



**KANSAI HELIOS Slovenija d.o.o.** • Part of KANSAI PAINT. • Količevo 65, SI–1230 Domžale, Slovenija
**T** +386 (0)1 722 40 00, **E** info-bl@belinka.si, www.belinka.com